2317

PRES-SERVIS

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

17. XII. 1966



НОВИНИ ОД ШТИП

# ИЗЛОЖБА НА БИТОЛСКИ СЛИКАРИ

**— КИНО — КЛУБОТ „МАНАКИ“ ЌЕ ОРГАНИЗИРА КИНО-АМАТЕРСКИ КУРС**
**— НАРОДНИОТ ТЕАТАР ЈА ПОДГОТВУВА ДРАМАТА „РАСЦУТЕНА ЦРЕША“ ОД РОБЕРТ БОЛТ**

**ШТИП, ДЕКЕМВРИ. — Во изложбениот салон на Работничкиот универзитет „Ванчо Прќе“ деновиве е отворена изложба на ликовните уметници од Битола. Како што е познато, пред извесно време, група штипски сликари приредија ликовна изложба во Битола, и ова е всушност, враќање на посетата што штипските сликари ѝ ја направија на Битола.**

Изложбата на битолските ликовни уметници ја сочинуваат 32 експонати од Д. Димитровски, С. Апчевски, Ј. Дамјановски, Р. Димовски, П. Петров, З. Сиротиќ, Р. Струменковски, Б. Талевски, К. Хаџиатанасовски, М. Ивановски, М. Спировска. Особено на добар прием кај публиката наидуваат платната на Борче Талевски кој порано живееше и работеше во Штип.

**■ Кино-клубот „Манаки“ во Штип секоја година организира кино-аматерски курсеви на кои најмладите љубители на седмата уметност имаат можност да се запознаат со техниката на снимањето, развивањето на снимените филмови и слично. И годинава ќе се организира таков курс, во чија работа се очекува да учествуваат по триесетина пионери од секое училиште во градот. Курсот, годинава ќе работи во сите училишта, како и во Пионерскиот Дом „Вита Поп-Јорданова“.**

■ И покрај недостигот на материјални средства и простории за работа, Културно-уметничкото друштво „Осман Демири“ појавува голема активност. Деновиве членовите на ова друштво го приредија својот трет концерт пред болните во диспанзерот за белодробна туберкулоза. Солистите на ова Културно-уметничко друштво, по завршувањето на концертот, беа топло поздравени од болните во диспанзерот.

**■ По премиерната изведба на „Прозивка“ од Велибор Суботиќ, која наиде на топол прием кај публиката, ансамблот на Народниот театар во Штип ја подготвува драмата „Расцутена цреша“ од Роберт Болт. Како гостин, драмата ја режира Александар Ковачевиќ, додека главните улоги ги толкуваат Алеко Протуѓеров, Јелица Кирова и Ѓоко Колозов.**

**Р. Лазаров**